За потребите на проектот „Социо-економско јакнење на малдите жени во Североисточен плански регион во РСМ“.
Проектот е финансиран од Европска Унија, преку проектот „Потпри се на младите - 2021/430-657,
а врз основа на склучен под-договор бр.08-36/1-2023

# ПРОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИЈА НА ГРИЖА ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ВО РСМ

Проектот е спроведен од:
Центар за Управување со Промени

# ПРОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИЈА НА ГРИЖА ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН ВО РСМ

**Издавач:**
Центар за управување со промени (ЦУП)

**За издавачот:**
Неда Малеска Сачмароска, извршен директор на
Центарот за управување со промени (ЦУП)

**Уредник:**
Центар за управување со промени (ЦУП)

**Дизајн:**
Марко Данаиловски

**Место и година на издавање:**
Скопје, 2023

Анализа е спроведена од Центар за управување со промени во рамки на проектот “Социо-економско јакнење на младите жени во Североисточен плански регион во РСМ” финансиран од Европската Унија, преку проектот „Потпри се на младите” спроведуван од „Македонска развојна фондација за претпријатија“, „Рурална Коалиција“, „Џуниор Ачивмент“ и „ЕЛИТ- Здружение на жени менаџери Скопје“.

# СОДРЖИНА


ВОВЕД .... 4

I КОНТЕКСТ АНАЛИЗА .... 6

МЕТОДОЛОГИЈА .... 9

АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ .... 12

I ОПШТИ ПОДАТОЦИ .... 12

II ДОСТАПНОСТ НА УСЛУГИ ВО ОБЛАСТА НА ЕКОНОМИЈА НА НЕГА/ГРИЖА ВО ОПШТИНИТЕ .... 13

III ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И САМОВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИ ЖЕНИ ВО ОБЛАСТА НА ЕКОНОМИЈА НА ГРИЖА ВО РУРАЛНИТЕ ОБЛАСТИ 19

IV УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ЖЕНИ ВО КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ .... 26

ЗАКЛУЧОЦИ .... 29

I ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИЈА НА ГРИЖА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ .... 32

II ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКИ СОЦИЈАЛНИ КОМПАНИИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ .... 38

III ПРЕПОРАКИ ЗА ПОГОЛЕМО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ВО КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ .... 39

РЕФЕРЕНЦИ .... 41

ПРИЛОГ 1 .... 42

I ПРАШАЛНИК за Проценка на можностите за развој на економија на грижа во Североисточниот регион на РСМ .... 42

# ВОВЕД

Центарот за управување со промени - ЦУП го спроведува проектот "Социо-економско јакнење на младите жени во Североисточен плански регион на РСМ" финансиран од Европската Унија, преку проектот „Потпри се на младите". Општата цел на проектот е да се зајакне социо-економската состојба на младите жени од руралните средини преку развој на бизнис модели во областа на економија на грижа. Центарот за управување со промени преку имплементација на проектот придонесува кон поттикнување на учеството на младите жени во формулирање на локалните политики со цел поголемо застапување на нивните интереси и креирање на бизнис клима која го поддржува женското претприемништво. Намалувањето на јазот во родовата нееднаквост, проследен со создавање услови за еднаков пристап на правата, заштитата од дискриминација, напредувањето во кариерата и економската стабилност на жените во руралните средини се главните приоритети на кои ќе се работи во проектот со цел да се обезбеди социо-економски развој за младите жени во руралните области.

Анализата, која Центарот за управување со промени ја спроведе во рамки на проектот, ги детектираше можностите за поголема економска активација на младите жени на пазарот на труд преку обезбедување на услуги на грижа кои недостигаат во руралните средини. Резултатите и наодите од анализата укажуваат на тоа кои социјални услуги недостигаат во секоја од општините вклучени во анализата, вештините и искуствата со кои располагаат младите жени за да започнат сопствен бизнис и бариерите кои ги одвраќаат жените поактивно да учествуваат во креирањето на локалните политики. Препораките кои произлегуваат од анализата имаат за цел да посочат на можни начини како општините да обезбедат квалитетни услуги за нега кои ќе придонесат кон подобри резултати за здравјето и благосостојбата на поединците и семејствата во руралните средини.

За да се креира добро функционална економија за грижа и да стимулира економски раст неопходно е зголемување на учеството на жените на пазарот на труд и продуктивноста на работната сила. Овозможувајќи им на жените поцелосно да учествуваат во работната сила, економијата на грижата може да помогне да се намали родовиот јаз во платите, што е од корист за семејствата и целокупната економија. Економијата за грижа е значаен извор на вработување, особено за жените. Инвестициите во здравството, грижата за децата и грижата за постарите можат да создадат работни места на различни нивоа на вештини, од здравствени работници до персонал за поддршка. Дополнително, ивестирањето во раното детско образование и здравствени услуги може да придонесе за развој на човечкиот капитал. Сепак, влијанието на економијата на грижа зависи и варира во голема мера во зависност од владините политики и достапноста на услугите за грижа и нега.

Североисточниот регион има најмал број на приватни компании во споредба со сите останати региони.[1] Тоа е една од причините зошто економската активност на овој регион е на ниско ниво и се отсликува преку лоши економски перформанси како висока стапка

[1] https://northeastregion.gov.mk/dokumenti/programa-za-razvoj/

на невработеност, низок БДП по глава жител и сл. Североисточниот регион заостанува по сите клучни економски индикатори во однос на националниот просек и сите останати региони во земјата имајќи најмала вредност на индекс на развој повеќе од 10 години. Мерено по жител Североисточниот плански регион во 2019-та година имал за 76.95% БДП помалку во однос на просекот на национално ниво. Исто така доколку се погледне трендот на движењето на БДП по жител може да се забележи дека разликата за последните 5 години значајно се зголемува и тоа од 105.350 ден. Ова значи дека политиките и стратегиите за подигнување на нивото на вработеност во регионот е од итна важност.[2]

Развој на економијата на грижа во Североисточен плански регион во форма на социјално претприемништво може да придонесе кон интегрирање на економските и социјални цели во регионот. Поттикнувањето на женски социјални бизниси ќе влијае и врз зајакнување на инклузивниот раст во заедницата, а воедно економијата на грижа е сектор со најголем потенцијал за вработување на жени и млади лица. Целта е да се генерира општествена вредност при што заедницата ќе има корист од претприемачките активности. Оттаму и потенцијалот на проектот преку имплементирање на активностите да придонесе кон кон поттикнување на социјалното претприемништво, зголемување на економската активност и самовработливоста на младите жени во руралните средини.

Проектната идеја е економијата за грижа да стане платен сектор или, со други зборови, да се формализира и на тој начин да се создадат работни места за младите жени во руралните средини од тековно неплатените активности. Формализацијата на економијата за грижа ќе овозможи создавање работни места, самовработување на младите жени, зголемување на БДП и подобрување на правата на жените. Идејата за економијата за грижа е да се трансферира, односно претворат финансиските трошоци во економски зајакнувачи.

Во руралните области, традиционалните родови улоги често диктираат дека жените се одговорни за неплатената работа за нега, како што се грижата за децата, старите лица и болните, како и за домашните задачи како готвење и чистење. Оваа неплатена работа, иако е суштинска за благосостојбата на семејствата и заедниците, доколку не е рамномерно распределена на членовите на семејството, може да ја попречи способноста на жените да се вклучат во платено вработување и образование.

Како резултат на оптовареноста на младите жени со прекумерни неплатени обврски за грижа, тие имаат ограничено време да инвестираат во сопственото образование и развој на вештини. Ова може да ги ограничи економски можности и да го попречи нивниот потенцијал да придонесат за економски раст и развој на заедницата.

Дополнително, ограничениот пристап до установите за згрижување деца и системите за поддршка им го отежнува вработувањето надвор од нивните домови, а со тоа придонесува за нивно економско исклучување. Преку справување со нееднаквата распределба на одговорностите за грижа, општествата може да влијаат врз традиционалните родови норми и да промовираат поправедни улоги и можности за жените и во домаќинството и во заедницата. Ако жените се поддржани во спроведувањето на нивните обврски за грижа, тие имаат поголема веројатност да имаат време и можности да се вклучат во активности што генерираат приходи. Ова може да

[2] https://northeastregion.gov.mk/dokumenti/programa-za-razvoj/

придонесе кон намалување на севкупните нивоа на сиромаштија во руралните области и да придонесе за благосостојбата и здравјето на заедниците.

Препознавањето и вреднувањето на економијата на грижата е усогласено со неколку цели за одржлив развој, вклучувајќи родова еднаквост, пристојна работа и економски раст, намалени нееднаквости и квалитетно образование. Имено, важноста на економијата на грижата во руралните области и нејзиното влијание врз вработувањето на младите жени не може да се прецени. Со справување со предизвиците поврзани со неплатената работа за нега и спроведување на политики и програми за поддршка, општествата може да го отклучат потенцијалот на младите жени, да промовираат родова еднаквост и да поттикнат одржлив развој во руралните заедници.

## I КОНТЕКСТ АНАЛИЗА

Демографските трендови во Североисточниот регион генерално покажуват трендови на депопулација и стареење на населението. Депопулацијата и ограничените можности на руралните жители секој ден станува се поевидентна. Бројот на жители во селата во РСМ континуирано опаѓа.[3] Стапката на невработеност на жените помеѓу урбани и рурални општини согласно половата структура може да се забележи дека е многу висока во руралниот дел. Согласно податоците на Државниот завод за статистика, диспаритетот на вработеноста на жените во однос на мажите во руралните средини изнесува 35% [4] .Исто така, стапката на невработеност кај жените во руралниот дел во Североисточниот регион е за 21.6% поголема во однос на националниот просек. Во урбаниот дел на Североисточниот регион стапката на невработеност кај жените повторно е поголема во однос на националниот просек (за 8.8%), но сепак разликата е помала споредбено со руралниот дел. Оттука, половата структура на невработени покажува дека родовите политки во иднина треба да бидат повеќе фокусирани кон зголемување на вработеноста на жените од руралните средини.[5]

Патријархалниот систем во семејството во однос на одлучувањето и традиционалната поделба на машко-женските работни места и улоги во голема мера сè уште се бариери за жените во руралните области. Високиот процент на рурални жени кои не се активни на пазарот на трудот произлегува пред се од нивниот ангажман во домот и домашни обврски кои претставуваат неплатен труд. Дури и кога женскиот труд е платен, тие остваруваат само 33% од приходите што ги имаат мажите во истиот сектор. Пристапот до ресурси и можности за економско и социјално зајакнување на жените во руралните средини е ограничен, така што уделот на жените – сопственици на земјоделски стопанства во вкупниот број земјоделци е само 10,4%, додека само 12,01% од жените се земјопоседници, со ниско ниво на учество во процесот на донесување одлуки релевантни за производните активности. Податоците за половата структура за вклученоста на првите две нивоа на образование (основно и средно) покажуваат дека не постои некоја родова нееднаквост од аспект на вклученост на жените и мажите во

[3] https://northeastregion.gov.mk/dokumenti/programa-za-razvoj/
[4] https://fosm.mk/wp-content/uploads/2021/06/status-of-rural-women-in-macedonian-society-f.pdf

[5] https://northeastregion.gov.mk/dokumenti/programa-za-razvoj/

системот на образование[6], особено бројот на дипломирани жени е на значајно повисоко ниво во сите општини во Североисточниот регион.[7]
Во Северна Македонија невработеноста и неактивноста на населението, особено меѓу младите и жените е од структурен и долгорочен карактер. Невработеноста е повисока кај лицата со средно образование, а долгорочната невработеност е евидентна кај вкупното население и кај младите, а особено кај жените. Стапката на невработеност на жените во руралниот дел на Североисточниот регион изнесува 42.7%, и е значајно поголема во однос на стапката на невработеност кај жените (25.4%) во урбаниот дел.[8]
Неактивноста кај жените е предизвикана од работата околу домот и семејните обврски, како и ниското образование на многу од невработените жени.[9] Стапката на млади од 15 до 29 години кои не се вработени и кои не се вклучени во процесот на образование во Североисточниот регион се намалува со години и истата е 32,7%.[10] Дополнително, 18% од вработените во земјава не поседуваат писмен договор за вработување, односно се третираат за неформално вработени лица[11]. Стапката на сиромаштија има тенденција на пад, но процентот на лица со материјална депривација и социјална исклученост е висок, особено кај децата.[12]
Високата стапка на невработеност придонесува за иселување на младите, губење на населението и замирање на регионот. Оттука потребни се и посебни мерки кои ќе го стимулираат вработувањето на жените и младите од овој регион.
Споредбата на просечно исплатената нето плата по региони во 2019-та година покажува дека Североисточниот плански регион има најниско исплатена нето плата и најголем број на домаќинства кои се корисници на социјална помош во однос на сите останати региони. Во рамките на Североисточниот регион има само една установа за згрижување на возрасни лица. Исто така, овој плански регион има убедливо најлоши резултати според згрижување на деца во детските градинки, со само 19,8 % на деца згрижени во детските градинки.[13] Овој процент се сведува на мал број на градинки во планскиот регион, со што значително придонесува и до намалување на можноста регионот да ја подобри социјалната слика бидејќи мајките или немаат каде да ги згрижуваат децата или децата ги чуваат баби и дедовци во домашен амбиент. Токму од наведените причини младите се соочуваат со висок степен на разочараност и демотивираност, како рзултат на што најчесто мигрираат во урбаните градови.
Проектот кој го спроведува Центарот за управување со промени има токму за цел да придонесе кон обезбедување на поголема економска стабилност и вработување на младите жени во руралните средини. Понатаму, приоритет на пректот е да се зголеми граѓанскиот активизам на младите жени во Северооисточниот плански регион и нивно директно инволвирање во процесите на донесување на локални политики со кои ќе се овозможат услови за подобра бизнис клима која ќе придонесе кон поголема социо-

---

[6] https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/ZeniteMazite_2023.pdf
[7] https://northeastregion.gov.mk/dokumenti/programa-za-razvoj/
[8] http://mls.gov.mk/images/documents/regionalenrazvoj/planskiregion/Programa%20Severoistocen.pdf
[9]Анализа за учеството на жените на пазарот на труд, ОБСЕ https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/dokumenti%202017/13.6
[10] http://mls.gov.mk/images/documents/regionalenrazvoj/planskiregion/Programa%20Severoistocen.pdf
[11]Ревидирана програма за реформи во вработување и социјална политика 2022, МТСП https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2020/ESRP(r)%202022%20(MKD)%20full.pdf
[12]Државен завод за статистика (2022) , https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=98
[13] https://northeastregion.gov.mk/dokumenti/programa-za-razvoj/

економска активност на младите жени. Поголемата поврзаност со локалната бизнис заедница може да придонесе и кон вмрежување на ученици кои во иднина може да бидат ангажирани во организирање на активности во областа на економија на грижа. Ваквата соработка со реалниот бизнис сектор треба да ја разбуди претприемничката инцијатива кај учениците со цел во иднина да се охрабрат и да формираат сопствени социјални бизниси и компании кои ќе придонесат кон развојот на регионот. Како резултат на тоа се предвидува дека ќе се создадат голем број работни места во наредните години во областа на економија на грижа, каде воедно има најголем потенцијал за вработување на младите жени. Во руралните средини овој систем на обезбедување примарна здравствена заштита е обременет со многу проблеми, затоа е потребно креирање на приватни услуги кои ќе ги зголемат и надополнат јавните услуги во областа на економија на грижа. Сепак, потребни се нови решенија за имплементација на економијата на грижа преку обезбедување на соодветни локални политики и едукација на младите жени за креирање на услуги за грижа.

Воедно, активностите на економијата на грижа се дел и од новиот Оперативен план за активни мерки и програми за труд 2022 година[14], кој вклучува активни програми и сет нови мерки кои во рамки на Програмата „Економија на грижа“[15] на жените им дава можност да се обучат, да работат и истовремено да учествуваат во испорачување на социјалните услуги. Економијата на грижа станува дел од социјалната реформа во државата и има за цел решавање на прашањата на ранливата категорија на граѓани кои имаат потреба и од вработување, но и од нега и грижа. Истовремено, претставува и поддршка на процесите на деинституционализација и децентрализација на социјалните услуги, со кои директна придобивка имаат граѓаните во своето место на живеење. Овој тип на социјални услуги директно се насочени кон ранливите категории придонесуваат кон градењето издржлива инфраструктура на секое ниво промовирајќи инклузивни и одржливи сервиси на општ бенефит на сите.

[14] https://av.gov.mk/content/pdf/FINALEN%20OP%202022.pdf
[15] https://av.gov.mk/content/pdf/FINALEN%20OP%202022.pdf

# МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите од спроведување на Анализата за проценка на можностите за развој на економија на грижа во Североисточниот плански регион беше изготвена посебна методологија за нејзина реализација. На почетокот на истражувањето беа разгледани релевантните документи кои ја уредуваат областа на економската и социјална состојба во Североисточниот плански регион на РСМ, особено социјалните програми и услуги кои се достапни за маргинализираните групи, меѓу кои и развојните стратешки документи, релевантни анализи, наодите и заклучоците од претходно спроведени анализи во оваа област. Дополнително, беа анализирани постојните документи и извештаи на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за Економија, Програмата за развој на Североисточниот плански регион[16] и програмите на секоја од општините во Североисточниот регион, со цел да се согледа моменталната состојба и можностите за развој на економијата на грижа и поттикнување на социјални бизниси управувани од жени. Дополнително беа остварени средби со претставници на општините Куманово, Ранковце, Крива паланка, Кратово и Старо Нагоричане со цел да се утврдат моменталните состојби во овие општини во областа на обезбеденост со здравствени услуги, грижа за стари лица, деца и лица со посебни потреби, степенот на вработеност на жените и потенцијалите за развој на женското претприемништво во областа на економија на грижа.

Методологијата на истражувањето опфаќа и разгледување на најдобрите меѓународни практики за поголемо активирање на економијата на грижа во руралните средини и ефектите кои ги постигнале во досегашното практикување. Сите наоди се ставени во контекст на Европските интегративни процеси и заложбите на Република Северна Македонија за постигнување на Целите на одржлив развој на ОН.[17]

Во следната фаза беше изработен прашалник, пилот истражување и изведба на целосната анализа. Анализата има за цел да ги идентификува и покаже тековните потреби за грижа во секоја од општините во контекст на идентификувани услуги кои недостигаат или се недоволни а кои би обезбедиле социјален развој и напредок, обуки кои би ги унапределе вештините и компетенциите на младите жени за да создадат сопствен бизнис, како и предизвици со кои се соочуваат жените при вклучување во процесите на креирање на локални политики.

Опфатот на активности беше следен:

а) Кратко деск-истражување и развој на методологија за истражувањето;

б) Подготовка на прашалник за процена на можностите за развој на економија на грижа;

в) Спроведување на пилот истражување;

[16] https://northeastregion.gov.mk/web/wp-content/uploads/2021/04

[17] https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs

г) Спроведување на целосна анализа со опфат од 100 жени испитаници од Североисточниот плански регион на РСМ (Организација и изведба на теренски, телефонски и онлајн прашалници);

д) Анализа и обработка на собраните прашалници; и

ѓ) Подготовка на извештај со заклучоци и препораки од истражувањето.

Анализата започна со изготвување на листа на организации и здруженија од Североисточниот регион кои работат во областа на родова еднаквост, женско претприемништво, развој на социјално претприемништво, работа со маргинализирани групи, поддршка на лица со посебни потреби и инвалиди, економски развој на младите, унапредување на екологија и зелена економија и слично. Анализата опфати директни интервјуа со претставници на локални општини, анкети со жени од рурални средини, телефонски интервјуа и онлајн одговори на прашалник. Во текот на онлајн процесот на анализа беа испратени прашалници до приближно 500 организации, здруженија, компании, жени и студентки од Североисточниот плански регион.

За целите на анализата беше изготвен прашалник (прилог 1) кој се користеше за анкетирање на компаниите. Прашалникот беше изготвен во соработка со Центарот за управување со промени. Со прашалникот беа опфатени 27 прашања поделени во три сегменти. Прашањата имаат за цел да ги идентификуваат предизвиците на граѓаните во пристап до постоечките услуги за грижа кои се достапни во општините и нивната перцепција за услугите кои недостигаат, односно достапноста и квалитетот на здравствените услуги, на домовите за згрижување на стари лица, состојбата со градинки, специфични предизвици на населението во пристапот до одредени услуги и постоечки иницијативи за развој на економија на грижа во општините од Североисточниот регион. Дополнително беа опфатени прашања кои ја идентификуваа можноста за вработување и самовработување на младите жени во областа на економија на грижа и учество на жените во креирање на локалните политики. Во теренските и телефонски анкети беа побарани дополнителни објаснувања за проблемите и предизвиците со кои се соочуваат младите жени при започнување на сопствен бизнис и причините за големиот одлив односно миграција на младите кон поголемите урбани центри со цел да се идентификуваат причините и можностите за нивно надминување.

Пред започнувањето на анкетата беше направено и првично тестирање на изготвениот прашалник со спроведување на пилот-анкета со која беа опфатени пет жени од различни општини.

Анализата беше успешно спроведена со 100 испитаници во периодот јули/август 2023година.

Покрај онлајн анкетата, беа спроведени и телефонски и теренски интервјуа, чија цел беше да се добие подетално сознание за моменталните состојби, какви услуги на грижа се достапни во општините, кои компетенции треба да ги развијат жените со цел да можат да понудат услуги кои недостигаат во нивните општини а воедно да профитираат и да обезбедат економска стабилност. Заедно со отворените прашања, од испитаниците беше побарано да го споделат своето општо мислење за состојбите во нивните општини, потребите од мерки за зајакнување на економијата на грижа и развој на женски бизниси

и да дадат препораки за подобрување на соработката со институциите и локалната власт со цел поголемо вклучување на младите жени во креирање на локалните политики.
Сеопфатната анализа на можностите за развој на економија на грижа опфати:

- Сегашната состојба на услугите во областа на економија на грижа;
- Кои услуги недостигаат и со какви предизвици се соочува населението во пристапот до овие услуги;
- Какви иницијативи во областа на економија на грижа постојат во општините и колку жените се активно вклучени во нив;
- Со какви компетенции и вештини располагаат жените за започнување на сопствен бизнис во областа на грижа;
- Каков вид на обуки и поддршка им се потребни на жените за да започнат сопствен бизнис;
- Кои потенцијални иницијативи би можеле да ги задржат младите жени во руралните средини;
- Колкав е степенот на вклученост на жените во креирањето на локалните политики;
- Кои мерки и иницијативи треба да се спроведат со цел да се поттикне поголема вклученост на жените во креирањето на локалните политики.

Финално, од целокупно собраните податоци беше изработен извештај од анализата на можностите за развој на економија на грижа во руралните средини на Североисточниот регион и препораки за нив.
Препораките кои ги дава анализата се однесуваат на најдобрите практики за полесен развој на економија на грижа во рурални средини, зголемување на можностите за развој на женски социјални компании и поголема вклученост на жените од руралните средни во креирањето на локалните политики. Препораките се дадени на ниво на системски измени, препораки за засегнати страни, препораки кон измена на општинските програми. Овие препораки имаат за цел да ги дефинираат функциите и улогата која треба да ја заземе општеството, услугите кои треба да ги понуди приватниот сектор и на кој начин да се работи на остварување на долгорочен развој на економија на грижа во руралните средини.

# АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ

## I ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Во спроведувањето на анализата за проценка на можностите за развој на економија на грижа во Североисточниот плански регион се водеше сметка да бидат опфатени повеќе општини од Североисточниот регион со цел да се идентификуваат јаките и слаби страни во секоја на општините во областа на економија на грижа. Во рамки на спроведената анализа беа реализирани и интервјуа со претставници на општините Куманово, Старо Нагоричане, Кратово, Ранковце и Крива Паланка. Дополнително, со цел да се добие појасна слика на состојбите во анализата беа вклучени испитаници од рурални и урбани средини, согласно тоа се направи компарација на социјалните услуги кои се достапни во двете средини.

**Графикон 1: Општини вклучени во анализата**




Исто така, при опфатот на испитаници, се водеше сметка да бидат вклучени лица со различен степен на образование, поточно да има испитаници со основно, средно, вишо, високо образование и пост-дипломски студии. Анализата согласно овој критериум покажува дека најголемиот дел од испитаниците се со средно и високо образование, додека испитаниците со основно, вишо и пост-дипломски студии со застапени со помал процент.

Во анализата беа вклучени приближно еднаков процент на испитаници кои се вработени и невработени, односно 46% од испитаниците се невработени и 54% од испитаните лица се вработени. Работниот статус има за цел да ги идентификува предизвиците и ставовите на жените кои се вработени и оние кои не се вработени и на тој начин да се согледаат аспектите на вработените жени кои им овозможуваат полесен пристап до пазарот на труд.

**Графикон 2: Степен на образование на испитаници**




**Графикон 3: Работен статус на испитаници**




## II Достапност на услуги во областа на економија на нега/грижа во општините

Вториот дел од прашалникот има за цел да ги детектира и оцени услугите за нега/грижа кои се достапни и оние услуги кои не се достапни во општините во Североисточниот плански регион. Податоците дополнително се анализирани по општини со цел да се согледаат состојбите на достапност и задоволство од постојните услуги во областа на економија на грижа во секоја од општините. Имено дел од прашањата го оценуваат степенот на задоволство за различна категорија на социјални услуги и дополнителни иницијативи за поддршка на социјалните услуги во овие општини.

Бројот на децата згрижени во детски градинки во Североисточниот плански регион е на релативно ниско ниво од 19.8%.[18]Согласно последните податоци на Државниот завод за статистика податоците за бројот на установи и објекти за згрижување и воспитание на деца (детски градинки/центри за ран детски развој) може да се забележи дека во Североисточниот регион има најмал број на институции за згрижување на деца (5 институции) и број на објекти (15-објекти). Дополнително, во рамките на Североисточниот регион, Куманово има една установа за згрижување на стари лица. Согласно податоците на Институтот за јавно здравје во Република Северна Македонија, Североисточниот регион има најмал број на лекари специјалисти (49) во однос на сите останати региони. По бројот на постели Североисточниот регион повторно се наоѓа на последно место со вкупно 365 постели.[19] Медицинската грижа е дополнета и со услугите на патронажните служби кои функционаираат во рамки на Здравствените домови во градовите Куманово, Кратово и Крива Паланка. Сепак, согласно спроведените состаноци со претставници на општините во овој регион капацитетите на услугите за медицинска нега и грижа е потребно да се подобрат со цел жителите да имаат навремени и квалитетни услуги.

[18] https://northeastregion.gov.mk/dokumenti/programa-za-razvoj/

[19] https://northeastregion.gov.mk/dokumenti/programa-za-razvoj/

Имено, и добиените податоци во анализата која ја спроведе ЦУП во однос на достапноста на услуги за нега/грижа во општините, покажуваат дека најчесто достапни се услугите за грижа и дневен престој за деца и грижа за стари лица, односно 52% од испитаниците одговориле дека има достапни услуги за грижа и дневен престој за деца и 44% одговориле дека достапни се услугите за грижа на стари лица во општините на нивно живеење. Додека пак, услугите за одржување на домот и обезбеден превоз за стари лица и лица со попреченост се најмалку достапни. Поточно, 9% од испитаниците се изјасниле дека обезбеден е превоз за стари лица и лица со попреченост и 14% одговориле дека достапни се услугите за одржување на домот во нивните општини.
Дополнително, услугите како што се грижа за лица со посебни потреби, лица со инвалидитет и попреченост и достава на производи и лекови за стари лица и лица со попреченост, се достапни во среден обем. Дури 22% од испитаниците одговориле дека ниту една од наведените услуги не е достапна во нивната општина. Ова се најчесто рурални делови од општините кои имаат слаб пристап и комуникација со урбаните средини. Поконкретно, услугите за грижа на лица со инвалидитет и попреченост се најмалку достапни во општините Ранковце, Крива Паланка и Старо Нагоричане. Услугите за грижа на лица со посебни потреби најмалку се достапни во општините Ранковце и Старо Нагоричане. Услугите за достава на производи и лекови за стари лица и лица со попреченост се најмалку достапни во општините Ранковце, Куманово и Старо Нагоричане.

**Графикон 4: Какви видови услуги за нега/грижа се достапни во вашата општина?**




На прашањето, дали има некои посебни услуги за нега/грижа што сметате дека недостасуваат или се недоволни во вашата општина, најголем дел од испитаниците сметаат дека недостасуваат услуги за медицинска грижа, домови за згрижување на стари лица и лица со инвалидитет, како и обезбеден превоз за лица со попреченост и инвалидитет. Дополнително, добиените одговори укажуваат од потреба за центри за грижа за лица со посебни потреби, шелтер центри и организиран транспорт од рурални кон урбани средини.

На следното прашање, како би ја оцениле достапноста и квалитетот на домовите за згрижување на стари лица во вашата општина, 62% агрегирани проценти одговориле

дека достапност и квалитетот на овие услуги е лоша или недоволно добра, 25% сметаат дека услугите се добри и само 11% агрегирани одговори сметаат дека се многу добри или одлични. Согласно интервјуираните лица, старите и изнемоштени лица генерално зависат од грижата на семејството или од сопствените можности за самогрижа, особено ваквата состојба е карактеристична за руралните средини каде младите речиси се иселени и старите лица се оставени сами на себе.

Разгледувани податоците од аспект на различни општини, може да се констатира дека достапноста и квалитетот на домовите за згрижување на стари лица највисоко се оценети во општина Куманово, оваа услуга е задоволителна во општина Крива Паланка, додека во општините Старо Нагоричане, Ранковце и Кратово состојбата на овие услуги е лоша или недоволно добра.

**Графикон 4: Како би ја оцениле достапноста и квалитетот на домовите за згрижување на стари лица во вашата општина?**




Одговорите на прашањето за достапноста и квалитетот на здравствените установи во анкетираните општини, покажуваат дека и овие услуги се приближно еднакви како и услугите кои се нудат за грижа на стари лица. Поточно, 62% од испитаниците сметаат дека достапноста на овие услуги е лоша или недоволно добра, 11%  сметаат дека е одлична или многу добра, и 24% од нив одговориле дека е добра но треба да се подобри. Повторно позитивните оценки доаѓаат од градовите Куманово и Кратово, додека во руралните средини во овие и останатите општини состојбите се генерално лоши. Поточно, во руралните средини жителите немаат локална амбуланта која ќе обезбедува основни медицински услуги, дополнително брзата помош е тешко достапна што често може е да е од фатално значење по здравјето за жителите во овие средини. Дури и градовите не обезбедуваат целосна медицинска поддршка поради што пациентите најчесто се препраќаат во клиничкиот центар во Скопје.

**Графикон 5: Како би ја оцениле достапноста и квалитетот на здравствените установи во вашата општина?**




Разгледани податоците по општини покажуваат дека во општината Кратово оценките се највисоки или се движат во просек на средно задоволство, во општината Старо Нагоричане оценките за наведените услуги се во најлоша состојба, додека пак кај останатите општини оценките во најголем просек се во категоријата лошо и недоволно добри услуги.

**Графикон 6: Како би ја оцениле достапноста и квалитетот на здравствените установи во вашата општина?**




По однос на прашањето за достапноста и квалитетот на детските градинки во општините, состојбите се нешто подобри особено во некои од општините. Генерално, задоволството се разликува од една до друга општина, како и од рурална до урбана средина. Карактеристично е што градинките во руралните средини овозможуваат згрижување на децата само до 13 часот, што повторно го оневозможува вклучувањето на жените на пазарот на труд. Дополнително, децата од различни возрасти не се

распределени по групи туку функционираат во заедничка група, што исто така оневозможува соодветна работа и развој со децата согласно нивната возраст и капацитет.

Оттука, се отвораат можности за младите жени да започнат бизнис во областа на грижа на деца кои ќе им овозможи приходи а воедно ќе им понуди можност на мајките да се вработат и да ги згрижат своите деца.

**Графикон 7: Како би ја оцениле достапноста и квалитетот на детските градинки во вашата општина?**




Добиените резултати покажуваат дека задоволството од услугите за грижа за деца се најголеми во општина Кратово и Крива Паланка, во овие општини услугите во просек се многу добри. Општините Куманово и Старо Нагоричане покажуваат средно ниво на задоволство од достапните услуги за грижа на деца, додека испитаниците од општината Ранковце во просек овие услуги ги оценуваат како недоволно добри.

**Графикон 8: Како би ја оцениле достапноста и квалитетот на детските градинки во вашата општина?**




На прашањето, дали постојат какви било иницијативи или програми за воведување на услуги на нега/грижа во анкетираните општини, податоците покажуваат дека 46% од

испитаниците одговориле негативно, 21% од испитаниците одговориле позитивно и 27% од испитаниците сметаат дека делумно постојат ваков вид на иницијативни. Разгледувани податоците по општини, може да се забележи дека најголем дел од иницијативите се во општина Кратово и Крива Паланка, додека најмалку иницијативи постојат во општините Ранковце и Старо Нагоричане.
Поточно, за потребите на социјалната услуга нега и грижа на стари изнемоштени лица, прокетот„Нега центар" во рамки на Општинската организација на Црвен крст Крива Паланка со поддршка од Министерството за труд и социјална политика на Северна Македонија, трета генерација негуватели на центарот се обучуваат за оваа социјална услуга и до сега опфаќа услуги за 70 корисници на подрачјето на општината. Исто така, општината Кратово во соработка со Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ) и УНДП, во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година спроведува успешна програмата за општинско – корисна работа.
Во останатите општини постојат иницијативи кои не даваат доволно добри резултати или воопшто не се спроведуваат.

**Графикон 10: Дали постојат какви било иницијативи или програми за воведување на услуги на нега/грижа во вашата општина? Ако одговорот е да, ве молиме наведете.**



## III ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И САМОВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИ ЖЕНИ ВО ОБЛАСТА НА ЕКОНОМИЈА НА ГРИЖА ВО РУРАЛНИТЕ ОБЛАСТИ

Третиот дел од прашалникот има за цел да ги процени потенцијалните можности на младите жени од руралните средини на Североисточниот регион да започнат сопствен бизнис или да ги развијат постоечките бизниси во областа на економија на грижа. Имено дел од прашањата го оценуваат искуството и знаењето на жените да започнат и водат сопствен бизнис, вештините кои им недостасуваат и имаат потреба да ги развијат, какви видови на услуги би им овозможиле полесно вклучување на пазарот на труд и какви иницијативи во општините се потребни и ќе влијаат врз задржување на младите жени во руралните средини.

Добиените податоци во однос на тоа колку од жените би прифатиле да учествуваат на обуки за развој на услуги во областа на економија на грижа, покажуваат дека 40% од нив се заинтересирани да посетуваат обуки, 35% делумно се заинтересирани и можеби би учествувале на обуки од ваков вид и 22% од испитаниците немаат интерес да учествуваат во бизнис обуки. Поголем интерес покажуваат жените од општините Куманово и Кратово, додека во останатите општини е забележан помал интерес за посетување на обуки за развој на социјални бизниси.

Незаинтересираноста кај жените произлезе од нивната несигурност, незнаење и неинформираност за значењето на социјалното претприемништво, начини како да ги искористат своите вештини и пазарните можности од овој вид на услуги. Жените се соочуваат со предизвик на надминат одредени традиционални стереотипи и предрасуди кои владеат особено во руралните средини. Жените кои беа лично интервјуирани и им беше дадено објаснување за целите на опрграмата на обуки и потенцијалите за започнување на сопствен бизниси во областа на грижа и нега покажаа поголем интерес да бидат вклучени во програмата на обуки.

**Графикон 11: Дали би прифатиле да учествувате на обука за давање услуги за грижа, како што се грижа за деца, постари лица или лица со попреченост?**



Истражувањето покажа дека најголем дел или поточно 80% од испитаниците не биле вклучени и немаат искуство во учество во иницијативи за спроведување на услуги во областа на економија на грижа. Исто така, во однос на искуството и силни страни во спроведување на услуги на грижа, најголем дел од испитаниците се изјасниле дека поседуваат вештини за грижа на деца и возрасни или имаат вештини за одржување на домот и домаќинство. Само мал дел од жените сметаат дека можат да понудат услуги за грижа на лица со посебни потреби, лица со попреченост и инвалиди, или терапевтски услуги.

**Графикон 13: Кои се вашите силни страни или квалитети на полето на грижата?**




Следното прашање има за цел да ја согледа моменталната состојба на пазарот за услуги во областа на економија на грижа, односно во колкав обем во општините може да се најдат лица кои индивидуално нудат услуги за нега/грижа. Врз основа на добиените податоци, платени услуги за дневен престој и грижа за деца и постари лица, набавка на лекови/намирници, чистење и одржување на домот или обезбедување на домашни здравствени услуги, не се достапни во повеќе од 50% од населените места во Североисточниот регион вклучени во анкетата. 24% од испитаниците не се запознаени дали во нивното место на живеење се достапни ваков вид на приватни услуги и 21% од испитаниците одговориле дека во нивните општини постојат платени услуги на грижа. Податоците разгледувани по општини покажуваат дека најчесто ваков вид на платени услуги се достапни во урбаните центри на Куманово и Кратово, додека истите тие не се достапни во руралните средини.

На прашањето, дали жените поседуваат вештини и знаење да започнат сопствен бизнис, поголем дел од нив или 67% одговориле дека поседуваат мали вештини и 28% имаат средни вештини. Многу мал процент од жените истакнале дека поседуваат големи вештини да започнат сопствен бизнис. Оттука, може да се заклучи дека за да се зајакне економската положба на жените во овој регион неопходно е да се спроведуваат редовно обуки кои ќе им овозможат развој на претприемачките вештини и знаења на жените за водење на сопствен бизнис.

**Графикон 14: Дали поседувате вештини и знаење да започнете сопствен бизнис во секторот на грижа и нега?**




**Графикон 15: Дали има жени од вашата локална заедница кои даваат платени услуги за грижа?**




Согласно добиените резултати, најчести причини со кои се соочуваат жените во Североисточниот плански регион за започнување на сопствен бизнис е недостаток на финансии, потоа следува недостаток на знаење за започнување на сопствен бизнис, а една од причините е и потребната грижа за деца и транспорт до работно место. Значаен број на жени испитаници одговориле дека постојат и други причини поради кои жените потешко се вклучуваат на пазарот на труд. Во дополнително објаснување жените истакнаа дека во овие причини влегуваат традиционалните вредности и норми кои особено се застапени во руралните средини, каде жените се посветени на домашните обврски кои вклучуваат грижа за деца и стари лица, одржување на домаќинство, земјоделие, сточарство и слично, поради што немаат време да се посветат на водење на сопствен бизнис. Во урбаните средини жените се соочуваат со предизвик да обезбедат квалификуван кадар, ниска куповна моќ на населението и потребата од пристап на повеќе пазари.

На прашањето кои специфични вештини или програми за обука би им биле најкорисни за полесно вработување или самовработување, 55% од жените одговориле дека им се потребни стручни вештини, 37% одговориле дека имаат потреба од обуки за бизнис планирање, 21% се одлучиле за обуки за сметководство и финансии и само мал процент имаат потреба од обуки за работа со компјутери. Овие резултати покажуваат дека жените имаат најголема потреба да развијат стручни вештини од различна област, и да им се

обезбедат обуки како да профитираат од овие вештини, односно како да започнат и развијат сопствен бизнис.

**Графикон 16: Кои се главните пречки со кои се соочувате за да започнете сопствен бизнис или да се вработите?**



**Графикон 17: Кои специфични вештини или програми за обука би ви биле најкорисни за полесно вработување или самовработување?**




Следното прашање се однесува на областа во која жените се најмногу заинтересирани да започнат сопствен бизнис. Од добиените одговори може да се констатира дека жените имаат интерес да се вклучат во различен вид на бизниси, односно тие покажуваат интерес во сите наведени области во прашалникот. Разгледувани податоците по општини укажуваат дека жените од општина Куманово и Кратово имаат најголем интерес за започнување на бизниси во областа на услуги. Оттука и можноста да се влијае на овие жени да развијат бизниси за нега и грижа кои ќе ги прошират и во останатите општини во регионот. Жените во руралните средини покажуваат поголем интерес за бизниси во областа на земјоделие, занаетчиство или производство.

**Графикон 18: Во која област или дејност сте најмногу заинтересирана да започнете сопствен бизнис или да се вработите?**




Следните прашања кои се однесуваа на важноста од пристап до услуги за грижа на деца и стари лица, како и дали жените се соочуваат со транспортни проблеми како пречка за нивно вработување, покажуваат дека услугите за грижа на деца и стари лица се исклучителноважи за да се вработат, додека транспортот не претставува голема пречка особено за жените кои живеат во градско подрачје. Поточно, за 48% од жените пристапот

до услуги за грижа на деца и стари лица им е многу важен, кај 30% е делумно важен и кај 20% на жени е малку и воопшто неважен за да можат тие да се вклучат на пазарот на труд.

Што се однесува за услугите за транспорт, кај 63% од жените тие не се пречка за нивно вработување, кај 19% делумно се пречка и 16% од жените одговориле дека транспортот претставува проблем тие да се вработат. Податоците разгледувани по општини покажуваат дека жените од општина Ранковце имаат најголем проблем во обезбедување на транспортни услуги.

**Графикон 19: Колку ви е важен пристапот до услугите за грижа на деца и стари лица за да можете полесно да се вработите?**




**Графикон 20: Дали имате транспортни проблеми со кои се соочувате кога патувате до работното место или ви претставуваат пречка да се вработите?**




Добиените одговори на прашањето дали флексибилното работно време или можностите за работа од дома би им овозможиле полесни услови за вработување на жените, покажуваат дека повеќе од половина испитаници ваквите услови би им овозможиле полесно да се вработат, 29% од жените сметаат дека можеби флексибилното работно

време или работа од дома би им помогнало да се вработат и 13% од жените овие услови не им влијаат во можностите за нивно вработување. Интервјуираните жени ја истакнаа потребата од социјализација и работа надвор од дома.

**Графикон 21: Дали флексибилното работно време или можностите за работа од дома би ви овозможиле полесни услови за вработување?**




Всушност голем дел од жените, особено во руралните средини покажаа висок степен на осаменост и потреба од промена на секојдневните рутини и обврски. Дел од нив би сакале да работат и без голем финансиски надомест, само да имаат можност да воспоставаат комуникација и дружба со други жени. Како резултат на ваквите изјави сметаме дека вмрежувањето на жените со сличен интерес ќе го зголеми потенцијалот заеднички да започнат сопствен бизнис.

Со цел да се согледаат причините поради кои жените сметаат дека младите си заминуваат од руралните средини, на испитаниците им беше поставено следното прашање на оваа тема. Повеќе од половина испитаници одговориле дека најчести причини за миграција на младите жени се кариерен напредок и достапност на услуги за грижа на деца, 24% проценти сметаат дека главна причина е повисокото образование и 10% сметаат дека постојат други причини. Овие одговори укажуваат дека потребно е да се обезбедат поголеми инвестиции и во руралните места кои ќе овозможуваат полесно вработување и кариерен напредок на младите лица, како и обезбедување на доволни капацитети за згрижување на деца и услуги кои обезбедуваат воншколски активности за деца и возрасни.

**Графикон 22: Основни причини зошто младите жени од руралните средини избираат да мигрираат во големите градови**



Дополнително, следното отворено прашање кое беше поставено до испитаниците има за цел да го согледа мислењето на жените во однос на тоа кои потенцијални иницијативи или подобрувања би можеле да се направат во руралните области за да се намали миграцијата на младите во урбаните центри. Одговорите на ова прашање укажуваат на потреба од изградба на социјална инфраструктура, вклучително и едукативни центри од различни области, да се обезбеди целодневен престој за деца и детски забавни паркови, за младите да има културно забавен живот, поквалитетни здравствени услуги, да се поттикнува социјалното претприемништво кај младите преку различни кампањи, да се развие и промовира селскиот туризам, да се обезбеди продажба и дистрибуција на земјоделски и занаетчиски производи, потоа да се обезбедат добро платени работни места за младите лица, да се овозможи поддршка за самовработување и основање на бизниси преку финансиска и менторска поддршка, да се понудат субвенции и поддршка за млади креативни жени, како и поголем фокус во креирањето на локални политики да се даде на поддршка на женското претприемништво.

## IV УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ЖЕНИ ВО КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Четвртиот дел од прашалникот има за цел да детектира во колкав степен младите жени се вклучени во процесите на креирање на локалните политики, дали се соочуваат со одредени пречки во пристапот до процесите на одлучување, колку учеството во креирање на локалните политики е важно за жените и дали се запознаени со начините како да се вклучат во овие процеси. Воедно овој дел од прашалникот ги идентификува и мерките или иницијативи кои би можеле да се спроведат за поттикнување и зајакнување на младите рурални жени активно да учествуваат во креирањето на локални политики.

**Графикон 23: Дали учествувате во процесите на креирање локални политики?**




Првото прашање има за цел да утврди колкав процент од испитаниците се вклучени во процесите на креирање на локалните политики. Согласно добиените одговори 62% од испитаниците не учествуваат во процесите на одлучување, 20% ретко се вклучени и 16% активно учествуваат во креирањето на локалните политики. Имено, треба да се има во предвид дека дел од жените кои се анкетирани се вработени во општините во Североисточниот плански регион, поради што нивната работна позиција им овозможува полесно да пристапат до процесите на одлучување и креирање на политики.

Согласно одговорите на прашањето, најголем дел од жените испитаници не се среќаваат со специфични пречки да се вклучат во процесите на креирање на локални политики. Односно, негативно на ова прашање одговориле 66% од испитаниците, ретко одговориле 20% од нив и 12% од испитаниците одговориле дека се среќаваат со конкретни пречки да се вклучат во процесите на креирање на локални политики.
Интересен податок е што на следното прашање, колку е важно вклучувањето на руралните жени во креирањето на локалните политики, високи 58% сметаат дека е многу важно, 34% од жените сметаат дека е делумно важно и 6% од нив веруваат дека е малку или воопшто неважно за младите жени да се вклучени во креирањето на локалните политики. Оттука, се поставува и прашањето доколку жените генерално не се соочуваат со големи пречки да учествуваат во креирање на локалните политики а сметаат дека овој процес е многу важен или делумно важен, зошто е голем процентот на жени кои не се активи и не придонесуваат во политиките на локалната власт.
Одговорот на ова прашање може во дел да се објасни преку одговорите добиени на прашањето во колкав степен се запознаени младите жени со можностите и каналите кои им се достапни за да се вклучат во креирањето на локални политики.

**Графикон 24: Дали се соочувате со некои специфични пречки да се вклучите во локалните иницијативи за креирање политики?**




**Графикон 25: Според вас колку е важно вклучувањето на руралните жени во локалното креирање политики?**




Добиените податоци на ова прашање покажуваат дека 42% од испитаниците воопшто не се запознаени, 46% од нив делумно се запознаени и само 10% од жените целосно се запознаени со начините и каналите како да се вклучат во креирање на локалите политики. Оттука, може да се заклучи дека главната причина поради која жените не се вклучени во процесите на одлучување е неинформираноста и потребата од поголема транспарентност на општините во однос на политиките кои ги подготвуваат, како и можностите како сите заинтересирани лица да пристапат кон овие процеси. Испитаниците сметаат дека е потребно редовно да се организираат јавни форуми, состаноци и консултации со јавната власт со цел да се овозможи поголема вклученост на специфичните потреби на жените во локалните политики, како и да се обезбедат повратни информации за веќе постојните и активни политики.

**Графикон 26: Колку сте запознаени со можностите и каналите кои ви се достапни за да се вклучите во креирањето на локални политики?**



# ЗАКЛУЧОЦИ

Од резултатите на анализата може да се изведат следните заклучоци:

1. Општините од Североисточниот плански регион најчесто овозможуваат услуги за грижа и дневен престој за деца, додека пак, услугите за одржување на домот и превоз за стари лица и лица со попреченост се најретко достапни. Во дел од руралните средини во Североисточниот плански регион не се достапни никаков вид на услуги на грижа.

2. Достапноста и квалитетот на домовите за згрижување на стари лица и здравствените установи генерално е лоша или недоволно добра особено во руралните делови на регионот. Забележана е потреба од воведување на дополнителни и поквалитетни медицински услуги, услуги поврзани со домашна посета на стари лица, инавлиди и лица со посебни потреби кои ќе ги задоволат целосно потребите на населението.

3. Достапноста и квалитетот на детските градинки во општините се разликува од една до друга општина, како и од рурална до урбана средина. Генерално услугите од овој вид се позитивно оценети во општина Старо Нагоричане, Крива Паланка и Кратово. Во овие општини постоечките капацитети се доволни за згрижување на децата во предшколска возраст, но недостасуваат капацитети за згрижување на деца во дневен престој кои се во основно образование и едукативни центри за воншколски активности. Во останатите општини достапноста и квалитетот на детските градинки и едукативни активности е на ниско ниво.

4. Податоците покажуваат дека во дел од општините има иницијативи или програми за воведување на услуги на нега/грижа. Овие податоци укажуваат на тоа дека најголем дел од иницијативите се во градовите, додека најмалку иницијативи постојат во селата и руралните општини, како што се Ранковце и Старо Нагоричане.

5. Поголем дел од испитаниците имаат желба или делумно би прифатиле да учествуваат на обуки за развој на бизниси во областа на економија на грижа, Повторно, поголем интерес покажуваат жените од градовите Куманово и Кратово, додека во селата и останатите општини е забележан помал интерес за посетување на обуки.

6. Најголем дел од испитаниците не биле вклучени и немаат искуство во учество во иницијативи за спроведување на услуги во областа на економија на грижа. Дел од исптаниците кои се вработени во општините имаа искуство во спроведување на општествено корисни активности како дел од проектите на општините.

7. Најголем дел од испитаниците се изјасниле дека поседуваат вештини за грижа на деца и возрасни или имаат вештини за одржување на домот и домаќинство.

Само мал дел од жените сметаат дека можат да воведат услуги за грижа на лица со посебни потреби, лица со попреченост, инвалиди и терапевтски услуги.

8. 50% од населените места во општините немаат платени услуги за дневен престој и грижа за деца и постари лица, набавка на лекови/намирници, чистење и одржување на домот или обезбедување на домашни здравствени услуги. Најчесто ваков вид на платени социјални услуги се достапни во урбаните центри на Куманово и Кратово, додека истите тие не се достапни во руралните средини.

9. Само 5% од испитаниците истакнале дека поседуваат големи вештини да започнат сопствен бизнис. Од овие причини неопходно е да се спроведуваат редовно обуки кои ќе им овозможат на жените од руралните средини развој на претприемачките вештини и знаења за водење на сопствен бизнис.

10. Анкетираните жени покажуваат интерес да започнат бизниси во различни области. Најголем интерес за започнување на бизниси во областа на услуги покажуваат жените од општина Куманово и Кратово. Овој потенцијал може да се искористи жените од овие општини да развијат социјални бизниси кои ќе ги прошират и во останатите делови на Североисточниот регион.

11. Услугите за грижа на деца и стари лица се исклучително важи за да се вработат младите жени, додека транспортот не претставува голема пречка за жените кои живеат во градско подрачје но е значаен фактор за руралните жени имајќи во предвид дека само мал дел од нив поседуваат дозвола за возење и сопствен автомобил. Податоците од анкетата покажуваат дека жените од општина Ранковце имаат најголем проблем во обезбедување на транспортни услуги.

12. Флексибилното работно време или можностите за работа од дома се услови кои би им овозможиле полесно вработување кај половина од анкетираните жени. Овој податок укажува на потребата жените да започнат бизниси кои им овозможуваат флексибилно работно време или работа од дома со цел да остварат поголем баланс помеѓу приватните и професионални обврски. Услугите за нега кои се дел од економијата на грижа им овозможуваат на жените да развијат бизниси со флесибилно или скратено работно време.

13. Повеќе од половина испитаници сметаат дека најчести причини за миграција на младите жени се кариерен напредок и достапност на услуги за грижа на деца. Овие одговори укажуваат дека потребно е да се обезбедат поголеми инвестиции и во руралните места кои ќе овозможуваат полесно вработување и кариерен напредок на младите лица, како и обезбедување на доволни капацитети за згрижување на деца и услуги кои обезбедуваат воншколски активности за деца.

14. Испитаниците ги навеле следните полезни иницијативи за задржување на младите жени во руралните средини: изградба на социјална инфраструктура едукативни центри од различни области, да се обезбеди целодневен престој за деца и детски забавни паркови, за младите да има културно забавен живот,

поквалитетни здравствени услуги, промотивни кампањи за социјалното претприемништво, промција на селскиот туризам, канали на продажба и дистрибуција на земјоделски и занаетчиски производи, потоа да се обезбедат добро платени работни места за младите лица, поддршката на самовработување и основање на бизниси да се мотивира преку финансиска и менторска поддршка, субвенции и поддршка за млади креативни жени, како и креирање на локални политики за поддршка на женското претприемништво.

15. Најголем процент од испитаниците (82%) не се вклучени или ретко се вклучени во процесите на креирање на локалните политики. Дополнително, најголем дел од жените испитаници не се среќаваат со специфични пречки да се вклучат во процесите на креирање на локални политики.

16. Од друга страна пак, високи 92% од испитаниците сметаат дека е важно или делумно важно вклучувањето на руралните жени во локалното креирање политики. Причината поради која е голем процентот на жени кои не се активи и не придонесуваат во политиките на локалната власт е што најголемиот дел од нив воопшто не се запознаени или само делумно се запознаени со начините и каналите како да се вклучат во креирање на локалите политики. Овие податоци покажуваат дека е потребна поголема информираност и транспарентност на општините во однос на политиките кои ги подготвуваат и можности заинтересираните лица да пристапат кон овие процеси. Испитаниците сметаат дека е потребно редовно да се организираат јавни форуми, состаноци и консултации со јавната власт со цел да се овозможи поголема вклученост на специфичните потреби на жените во локалните политики, како и да се обезбедат повратни информации за веќе постојните и активни политики.

## I ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИЈА НА ГРИЖА ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ

Развојот на економијата за грижа во руралните области е од суштинско значење за промовирање и креирање на социјалната благосостојба, родовата еднаквост и економскиот раст. Дел од препораките кои произлегуваат од спроведената анализа за поттикнување на економијата на грижата во руралните региони се следните:

1. Инвестирање во социјалната инфраструктура: Неопходна е изградба на социјалната инфраструктура, како што се здравствени установи, центри за згрижување деца, услуги за грижа за стари лица и центри за заедницата со посебен осврт или фокус на лицата со посебни потреби за стимулација на нивниот развој. Пристапната и добро опремена инфраструктура ќе поттикне повеќе луѓе да учествуваат во создавање на економија на грижата.

   Неколку позитивни меѓународни примери на земји со силна социјална инфраструктура која промовира грижа и рамнотежа помеѓу работата и животот, се следните:

   - Холандската влада обезбедува финансиска поддршка за старателите, како што се оние што се грижат за постарите членови на семејството;
   - Германија има робустен систем на осигурување за долгорочна нега за поддршка на потребите за нега на стари лица;
   - Канада нуди комбинација од платено родителско отсуство и достапни услуги за згрижување деца, што им олеснува на родителите да балансираат помеѓу работата и семејниот живот;
   - Франција има добро развиен систем на субвенционирани услуги за нега во домот за стари лица, што им олеснува на семејствата да обезбедат грижа додека ја градат својата кариера;
   - Австралија има сеопфатен систем на семејна поддршка и социјална инфраструктура. Нуди родителско отсуство и субвенции за семејства со ниски примања;
   - Сингапур нуди различни субвенции и грантови за грижа за деца, како и продолжени политики за породилно и татковско отсуство. Сингапур, исто така, ја препознава важноста на достапното домување во поддршката на семејствата и има имплементирано политики за да обезбеди достапност на станови;
   - Шведска и Норвешка, имаат силен систем на социјална помош кој ги поддржува семејствата и негователите. Нудат широки бенефиции за родителско отсуство, грижа за деца и субвенции за семејства со деца;
   - Финска го имплементираше моделот „двојна заработувачка, двојна грижа“, кој промовира еднакво споделување на одговорностите за грижа помеѓу партнерите. Земјата обезбедува големо родителско отсуство и ги охрабрува татковците да земат одмор од работа заради грижа;
   - Нов Зеланд презеде иницијативи како плаќањето „Најдобар почеток“ обезбедуваат финансиска помош за семејствата со мали деца, што им олеснува на родителите да си дозволат грижа за децата додека работат;

- Јапонија работи на проширување на економијата за нега како одговор на стареењето на населението. Владата воведе политики за промовирање осигурување на долгорочна нега и поддршка за семејните негователи. Овие мерки се насочени кон подобрување на квалитетот на грижата за стари лица;
- Јужна Кореја го продолжи родителското отсуство, обезбеди субвенции за услуги за згрижување деца и ги охрабри татковците да преземат поактивни улоги во грижата.

Овие земји инвестираа во социјална инфраструктура која не само што ја поттикнува економијата на грижата, туку и промовира благосостојба, родова еднаквост и рамнотежа помеѓу работата и животот. Овие примери можат да послужат како модели кои можат да ја зајакнат економијата за грижа во нашата земја и соодветно да се имплементираат.

2. Обука и развој на вештини: Обезбедување на програми за обука и развој на вештини за поединци заинтересирани за професии поврзани со грижата. Програмата може да вклучи обука за даватели на нега, здравствени работници, воспитувачи и другите лица кои ќе се оспособат за обезбедување на квалитетни услуги од областа на економија на грижа во руралните области.
Еве неколку клучни аспекти на обука и развој на вештини во економијата на грижата:
    - Програмите за обука може да вклучуваат курсеви за геронтологија, обука за нега на деменција и обука за палијативна нега за да се одговори на уникатните потреби на постарите лица.
    - Обуките за грижа на деца вклучуваат разбирање на детската психологија, активности за учење соодветни на возраста и создавање безбедна и грижлива средина за децата.
    - Програмите за обука може да се приспособат на специфични потреби за нега, како што е обуката за аутистичен спектар на нарушувања (АСН) за старателите кои работат со деца со АСН или специјализирана обука за лица со сложени медицински состојби.
    - Обуките треба да вклучат употреба на помошни технологии за подобрување на ефикасноста и квалитетот на грижа.
    - Покрај техничките вештини, негователите треба да добијат обука за меки вештини како што се емпатија, активно слушање и култура на сочувствителност. Овие вештини се од суштинско значење за градење силни односи со примателите на нега и нивните семејства.
    - Воспоставувањето програми за сертификација и акредитација може да помогне да се стандардизира обуката и да се осигура дека негователите ги исполнуваат специфичните барања за компетентност. Акредитираните институции за обука можат да обезбедат признати квалификации на старателите.

    - Работодавците во секторот за грижа треба да понудат постојани можности за обука и развој за нивниот персонал. Ова може да вклучува редовни

работилници, семинари и програми за менторство за подобрување на вештините и знаењето.

Инвестирањето во обука и развој на вештини во економијата на грижата не само што им користи на негователите и примателите на нега, туку и ја зајакнува целокупната здравствена и социјална инфраструктура на една нација.

3. Промовирање на родова еднаквост: Поттикнување на промена на традиционалните родови улоги и норми кои често ги оптоваруваат жените со неплатена работа и обврски за грижа за домот и семејството. Да се охрабрат мажите да преземат активна улога во грижата и обврските во домаќинството, промовирајќи правична распределба на работата за домашните обврски и грижа со што ќе се креираат можности за професионална афирмација и реализација на креативните потенцијали на жените.
4. Пристап до грижа за деца: Воспоставување на квалитетни услуги за згрижување деца во руралните области. Ова ќе им овозможи на родителите, особено на жените, да се приклучат на работната сила или да продолжат со образованието, придонесувајќи за економскиот раст.
   За оваа цел потребно е во општина Куманово да се инвестира во поголем број на капацитети за згрижување на деца. Во општините Ранковце и Старо нагоричане потребно е да се прошират постоечките капацитети и да се обезбеди целодневно згрижување на деца. Дополнително, се отвора можноста во општините каде има недостаток од ваков вид на услуги да се инвестира во приватни бизниси кои ќе обезбедат квалитетни услуги за грижа и едукација на деца. Државата треба да го субвенционира згрижувањето на децата во приватни градинки поради недоволниот капацитет во државните градинки да ги згрижат сите деца и на тој начин да обезбеди поддршка на претприемништвото но воедно да се помогне во обезбедување на потребните услови за грижа на деца.
5. Пристап до услуги за грижа за стари лица: Да се развијат услуги и програми за грижа за стари лица во руралните области. Ова може да вклучува услуги за нега во домот, домови за постари лица, помош за превоз за стари лица, олеснет пристап до здравствени услуги за стари лица итн.
   Во Североисточниот регион регистран е еден дом за стари лица во општина Куманово кој има недостаток на капацитет да ги згрижи старите лица од општината. Имајќи го во предвид трендот на стареење на населението во регионот неопходно е да се инвестира во нови капацитети за грижа на стари лица кои целосно ќе ги задоволат потребите на населението во Североисточниот регион. Исто така, се препорачува државата да обезбеди субвенционирање на разликата во трошоците за згрижување на стари лица во приватни и државни установи со цел овие услуги да бидат достапни за жителите.

6. Промовирање на социјалното претприемништво: Да се охрабри основањето на социјални претпријатија фокусирани на економијата на грижата. Овие бизниси можат да ги задоволат локалните потреби истовремено обезбедувајќи можности за вработување на млади и жени.
   Социјалните претпријатија фокусирани на економијата на грижата треба да имаат за цел да обезбедат услуги кои се однесуваат на различни аспекти на грижата, без разлика дали се работи за деца, стари лица, лица со попреченост

или други ранливи категории. Социјалните претпријатија треба да имаат двојна мисија, да генерираат социјални влијанија и да бидат финансиски одржливи. Подолу се наведени неколку меѓународни примери на социјални претпријатија во економијата на грижата кои претставуваат позитивен пример на успешни социјални претпријатија во областа на економија на грижа:

- HomeHero е социјално претпријатие кое ги поврзува семејствата со негователи за стари лица. Тие се фокусираат на усогласување на негователите со постарите врз основа на компатибилност и обезбедуваат платформа за комуникација помеѓу семејствата и негователите. Нивната мисија е да го подобрат квалитетот на грижата за постарите лица и економски да ги зајакнат давателите на услуги на нега и грижа.
- Care.com е глобален онлајн пазар кој им помага на семејствата да најдат негователи кои нудат услуги за различни потреби, вклучително и грижа за деца, грижа за стари лица и грижа за посебни потреби. Мисијата на компанијата е да го подобри животот на лицата кои нудат услуги за грижа и нега и оние на кои им требаат услуги за нега преку обезбедување платформа за нивно поврзување.
- Elder Care Alliance е непрофитна организација чија мисија е да создадат заедници каде постарите возрасни лица ќе можат да живеат независно и достоинство. Тие нудат низа услуги, од независно живеење до медицинска грижа, со силен фокус на холистичката благосостојба.
- GoodFood, со седиште во Велика Британија, е социјално претпријатие кое обезбедува хранливи оброци подготвени за ранливите групи на население, вклучително и постарите лица и оние со посебни потреби во исхраната. Тие имаат за цел да го олеснат пристапот до храна за социјалните семејства и да ја намалат социјалната изолација.

7. Јавно-приватно партнерство: Да се поттикне соработката помеѓу Владата, приватниот сектор и граѓанското општество за колективно и системски да се решат предизвиците поврзани со секторот на економија на грижа. Јавно-приватните партнерства можат да донесат иновативни решенија и ресурси во руралните области.
Неколку земји имаат имплементирано успешна соработка меѓу владата, приватниот сектор и граѓанското општество за справување со предизвиците во секторот на економијата на грижата. Дел од овие примери се следните:

- Владата во Сингапур нуди субвенции за услуги за згрижување деца, дозволувајќи им на давателите на услуги од приватниот сектор да пружат прифатлива нега. Граѓанските организации активно се вклучуваат во застапувањето за правата на негователите и услугите за поддршка. Дополнително, владата го охрабрува приватниот сектор да инвестира во услуги за нега на стари лица, што доведе до растечки пазар за установи и услуги за нега на стари лица.
- Австралија има кооперативен пристап кон образованието и грижата за раното детство (ECEC). Владата обезбедува финансирање и регулативи за да

обезбеди стандарди за квалитет и во јавните и во приватните центри за згрижување деца. Граѓанските организации се залагаат за подобрувања во секторот, а приватниот сектор игра значајна улога во давањето услуги. Владата нуди и субвенции за да ја направи грижата за децата подостапна за семејствата.

- Системот за социјална заштита во Германија вклучува силна економија за грижа со комбинација од јавни и приватни даватели на услуги. Владата ги регулира и поставува стандардите за секторот за нега додека соработува со приватни компании и непрофитни организации за давање услуги. Граѓанските организации се залагаат за правата на негователите.
- Владата во Канада нуди субвенции за услуги за згрижување деца и инвестира во раното детско образование. Приватните даватели на детска грижа работат заедно со јавните услуги. Групите за застапување и непрофитните организации промовираат поддршка на негователите и раниот детски развој.
- Јапонија има добро воспоставен систем на долгорочно осигурување за нега на стари лица, што вклучува соработка помеѓу јавните и приватните даватели на услуги. Граѓанските организации играат улога во застапувањето за подобрена грижа за старите лица и правата на негователите. Владата, исто така, ги охрабрува иновациите во помошните технологии преку партнерства со приватниот сектор за подобрување на грижата за стари лица.

Овие примери покажуваат дека соработката помеѓу владата, приватниот сектор и граѓанското општество може да доведе до поефективни и посеопфатни решенија во секторот на економијата на грижата. Иако пристапот на секоја земја може да варира, заедничката цел е да се обезбедат квалитетни услуги за нега, да се поддржат негователите и да се осигура дека грижата е достапна за сите.

8. Технологија и иновации: Користењето на технологија за подобрување на пристапот до услугите за нега во руралните региони може да придонесе кон подобрување на економијата на грижа и нега. Телемедицината, мобилните апликации за негување и онлајн програмите за обука можат да го премостат јазот помеѓу руралните заедници и специјализираната нега.
Употребата на технологија може да придонесе за подобрување на економијата на грижата на неколку начини:

- Платформите за телездравство и телемедицина им овозможуваат на давателите на здравствени услуги да понудат далечински консултации, дијагнози и планови за лекување на поединци во руралните области. Оваа технологија ја намалува потребата за долги патувања до здравствените установи, заштедувајќи време и пари и за пациентите и за негователите. Телездравството, исто така, може да го олесни тековното следење на хроничните состојби, што доведува до подобра превентивна грижа.
- Мобилните здравствени апликации можат да им овозможат на поединците во руралните области пристап до информации за здравствената заштита, следење на симптомите и потсетници за лекови. Овие алатки ги поттикнуваат

пациентите да преземат поактивна улога во нивната грижа и можат да го подобрат придржувањето до медицинските третмани.

- Веб-базираните платформи им овозможуваат на пациентите во руралните области да закажуваат термни за преглед и да добиваат потсетници без потреба од телефонски повици или физички посети на здравствените установи. Ова го поедноставува процесот и поттикнува редовни прегледи.
- Онлајн програмите за обука и образовните ресурси можат да им помогнат на негователите во руралните области да ги стекнат потребните вештини и знаења за да обезбедат квалитетна нега, особено во региони со недостиг од здравствени работници.

Со искористување на технологијата, руралните области можат да ги надминат географските бариери, да ги намалат разликите во здравствената заштита и да промовираат економски раст во секторот за нега.

9. Анализи и истражување на податоци: Инвестирањето во собирање податоци и истражување ќе овозможи да се разберат специфичните потреби и предизвици за нега во руралните области. Дополнително, анализата на податоците може да им помогне на давателите на здравствени услуги и креаторите на политиките да ги идентификуваат областите со најголеми потреби за нега и поефикасно да ги распределат ресурсите. Овој насочен пристап гарантира дека ограничените ресурси се користат ефикасно во руралните региони. Креирањето политики засновано на докази ќе доведе до повеќе насочени и ефективни интервенции.
10. Промовирање на локални иницијативи: Охрабрување и поддршка на иницијативите за грижа заснована во заедницата кои се грижат за уникатните потреби на населението од руралните области може да имаат значајна улога во обликувањето на економијата на грижата во руралните средини.
11. Кампањи за подигање на јавната свест: Спроведување на кампањи за подигнување на јавната свест за промовирање на вредноста на работата за грижа и признавање на придонесот на жените во руралните заедници е од големо значење за поттикнување на економијата на грижа и самовработување на жените од руралните средини.

Со имплементирање на овие препораки, руралните области можат да поттикнат просперитетна економија на грижа што им користи на поединците, семејствата и заедницата како целина.

## II ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКИ СОЦИЈАЛНИ КОМПАНИИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ

Развојот на социјални компании во сопственост на жени во руралните области може да има значително позитивно влијание врз зајакнувањето на жените, економскиот раст и развојот на заедницата. Врз основа на спроведената анализа препораките за поддршка и поттикнување на растот на женски социјални бизниси се следните:

1. Пристап до обуки и градење вештини: Обезбедување на сеопфатни програми за обука и градење капацитети специјално прилагодени на жените претприемачи во руралните области. Овие програми треба да ги покриваат следните области: бизнис менаџмент, финансиска писменост, маркетинг, дигитални вештини и други основни вештини неопходни за водење на успешно социјално претпријатие.
2. Пристап до финансии: Олеснување на пристапот до достапни финансиски услуги, микрозаеми и грантови за жени претприемачи во руралните региони. Финансиската поддршка може да им овозможи на жените да започнат или да ги скалираат своите бизниси.
3. Вмрежување и менторство: Создавање на мрежи и можности за менторство за жените претприемачи да се поврзат со искусни деловни лидери, ментори и советници. Менторството може да обезбеди насоки, поддршка и инспирација за жените да ги надминат предизвиците и да ги развијат своите потфати.
4. Иновативни бизнис модели: Потребно е поттикнување на развојот на иновативни бизнис модели кои ги задоволуваат потребите на локалната заедница истовремено промовирајќи го социјалното влијание. Соработувањето со жени претприемачи ќе овозможи да се идентификуваат и истражат деловните можности усогласени со вештините и интересите на жените од руралните средини.
5. Пристап до пазар и маркетинг на производи: Потребно е олеснување на пристапот до повеќе пазари и можности за пласирање на производи и услуги што ги нудат социјалните компании во сопственост на жени. Ова може да се постигне преку партнерства со поголеми компании, платформи за е-трговија или учество на локални и регионални саеми.
6. Поддршка на политиките за женско социјално претприемништво: Застапување на политики кои промовираат родова еднаквост, ги поддржуваат жените претприемачи и го поттикнуваат социјалното претприемништво во руралните области. Треба да се поднесат предлог политики до Владата со кои ќе се понудат даночни олеснувања, преференции за набавки и грантови за општествено одговорни бизниси.
7. Свесност и брендирање: Подигнување на свеста за важноста од поддршка на социјалните компании во сопственост на жени во руралните области. Треба да се нагласат успешните приказни и позитивното влијание што овие претпријатија го имаат врз заедниците за да изградат доверба и лојалност од страна на потрошувачите и да ги мотивираат останатите жени да започнат сопствен бизнис во областа на економија на грижа.
8. Соработка со невладини организации и здруженија: Соработување со невладини организации и здруженија кои имаат искуство и работат во областа на поддршка на женското претприемништво и развој на заедницата. Искористувањето на постоечките мрежи и ресурси може да го зајакне екосистемот за социјалните претпријатија во сопственост на жени.

9. Промовирање на различноста на социјални бизниси во областа на економија на грижа: Потребно е поттикнување на различноста во видовите на социјални претпријатија основани од жени во руралните области. Од земјоделство и здравство до образованието и занаетчиството, различните бизниси можат да придонесат за енергична и одржлива локална економија.
10. Признанија и награди: Воведување награди и програми за признавање со кои се покажува почит кон достигнувањата на жените претприемачи во руралните области е заначаен мотивирачки фактор за да се охрабрат жените да формираат сопствени бизниси. Јавното признание може да ги инспирира другите жени и да создаде култура на славење на социјалното претприемништво.

## III ПРЕПОРАКИ ЗА ПОГОЛЕМО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ ВО КРЕИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ

Поголемото вклучување на руралните жени во креирањето на локални политики е од клучно значење за да се осигура дека нивните потреби, перспективи и искуства се соодветно застапени. Препораки за промовирање на нивното активно учество во креирањето политики:

1. Поттикнување на инклузивно управување: Да се охрабрат локалните власти да усвојат инклузивни практики на управување кои активно ги вклучуваат жените во процесите на донесување одлуки. Ова може да се постигне преку родово чувствителни политики, родови квоти и механизми за да се осигура дека гласовите на жените се слушаат и вреднуваат.
2. Градење капацитети и обука: Органзирање на работилници за градење капацитети и програми за обука за руралните жени за вклучување во локалните политики, анализа на политики и вештини за застапување. Зајакнувањето на жените со знаење и вештини ќе ја зголеми нивната самодоверба да се вклучат во процесите на креирање политики.
3. Поврзување на локалните женски организации: Соработката помеѓу локалните женски организации и локалните самоуправи ќе овозможи премостување на јазот помеѓу креаторите на политиките и руралните жени. Вмрежувањето на овие организации ќе овозможи поголемо посредство и застапување на интересите на жените од руралните средини.
4. Организирање на инклузивни форуми: Организирањето на јавни форуми, состаноци со локалните власти и консултации ќе го олесни пристапот на руралните жени до техники за лобирање и застапување на нивните интереси.
5. Користење на технологија за инклузивно учество: Локалните власти треба да ја искористат технологијата за да го олеснат учеството на руралните жени во креирањето политики. Ова може да вклучува онлајн анкети, онлајн состаноци и мобилни апликации кои ги собираат нивните мислења, ставови и повратни информации.
6. Отстранување на бариерите за учество: Потребно е да се идентификуваат и решаваат бариерите што ги одвраќаат руралните жени од учество во креирањето политики, како што се културните норми, недостатокот на транспорт или временските ограничувања. Ублажувањето на овие бариери ќе поттикне нивно поголемо вклучување.

7. Промовирање на женско лидерство: Да се охрабрат и поддржат руралните жени да преземат лидерски улоги во структурите на локалната власт. Ова може да се постигне преку програми за менторство и иницијативи за обука на лидери.
8. Инклузивно застапување: Целта е да се обезбеди разновидна застапеност на руралните жени на форумите за креирање политики преку опфатеност и разгледување на широк опсег на перспективи. Ова вклучува жени од различно социоекономско потекло, етничка припадност и возрасни групи.
9. Родово одговорно буџетирање: Да се воведе родово одговорно буџетирање за да се осигура дека ресурсите се распределуваат правично, земајќи ги предвид специфичните потреби и приоритети на руралните жени.
10. Преведување на политиките на локални јазици: Да се осигура дека документите и информациите за политиките се достапни на локални јазици за да се зголеми пристапноста за руралните жени кои може да се соочат со јазични бариери.
11. Механизми за континуирана повратна информација: Потребно е воспоставување на механизми за континуирана повратна информација од руралните жени за спроведувањето и влијанието на политиките. Ова ќе им овозможи на креаторите на политиките да ги направат потребните прилагодувања и подобрувања врз основа на повратни информации.

Со усвојување на овие препораки, локалните власти можат да создадат поволна средина за значајно и активно вклучување на руралните жени во процесите на креирање политики, што ќе доведе до поинклузивни и поефективни политики кои се однесуваат на уникатните предизвици и можности со кои се соочуваат руралните заедници.

# РЕФЕРЕНЦИ

1. https://fosm.mk/wp-content/uploads/2021/06/status-of-rural-women-in-macedonian-society-f.pdf

2. Ревидирана програма за реформи во вработување и социјална политика 2022, МТСП
https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2020/ESRP(r)%202022%20(MKD)%20full.pdf

3. Анализа за учеството на жените на пазарот на труд, ОБСЕ
https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/dokumenti%202017/13.6

4.Државен завод за статистика (2022) ,
https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=98

5.http://mls.gov.mk/images/documents/regionalenrazvoj/planskiregion/Programa%20Severoistocen.pdf

6. https://av.gov.mk/content/pdf/FINALEN%20OP%202022.pdf

7. https://northeastregion.gov.mk/web/wp-content/uploads/2021/04

8. https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs

# ПРИЛОГ 1

## I ПРАШАЛНИК за Проценка на можностите за развој на економија на грижа во Североисточниот регион на РСМ

### 1. Демографски податоци

- ✧ Име и Презиме: _______________________________________________
- ✧ Општина :________________________________________________
- ✧ Пол: ___Ж/М________
- ✧ Образование/струка:__________________________________________
- ✧ Тел. број: __________________
- ✧ Вработен/Невработен

### 2. Достапност на услуги во областа на економија на нега/грижа во општините

1. Какви видови услуги за нега/грижа се достапни во вашата општина?
   А) Грижа и дневен престој за деца

   Б) Грижа за стари лица

   В) Грижа за лица со инвалидитет и попреченост

   Г) Грижа за лица со посебни потреби

   Д) Одржување и чистење на домот за стари лица и лица со попреченост

   Ѓ) Достава на производи и лекови за стари лица и лица со попреченост

   Е) Обезбеден превоз за стари лица и лица со попреченост

   Ж) Друго (ве молиме наведете) ______________________

   З) Ништо од погоре наведеното

2. Дали има некои посебни услуги за нега/грижа што сметате дека недостасуваат или се недоволни во вашата општина? (ве молиме наведете)
   1.____________________________________________________________________
   2.____________________________________________________________________
   3.____________________________________________________________________
   4.____________________________________________________________________

3. Како би ја оцениле достапноста и квалитетот на домовите за згрижување на стари лица во вашата општина?
   А) Одлична

   Б) Многу добра

В) Добра

Г) Недоволно добра

Д) Лоша

4. Како би ја оцениле достапноста и квалитетот на здравствените установи во вашата општина?
А) Одлична

Б) Многу добра

В) Добра

Г) Недоволно добра

Д) Лоша

5. Како би ја оцениле достапноста и квалитетот на детските градинки во вашата општина?
А) Одлична

Б) Многу добра

В) Добра

Г) Недоволно добра

Д) Лоша

6. Дали има некои специфични предизвици/проблеми со кои се соочувате вие или членовите на вашето семејство при пристапот до услугите за нега/грижа во вашата општина?
А) ДА

Б) НЕ

В) Делумно

Г) Друго (наведете)____________________________________________________

7. Дали постојат какви било иницијативи или програми за воведување на услуги на нега/грижа во вашата општина? Ако одговорот е да, ве молиме наведете.
А) ДА

Б) НЕ

В) Делумно

Г) Друго (наведете)____________________________________________________

## Потенцијалните можности за вработување и самовработување на млади жени во областа на економија на грижа во руралните области

8. Дали би прифатиле да учествувате на обука за давање услуги за грижа, како што се грижа за деца, постари лица или лица со попреченост?

А) Да
Б) Не
В) Можеби

9. До кој степен се почитуваат традиционалните практики во вашата заедница кои вклучуваат грижа или давање поддршка во рамки на семејството?

А) Целосно

Б) Во голем степен

В) Во мал степен

Г) Воопшто

10. Дали сте биле дел од некакви иницијативи или програми за услуги на грижа во заедницата?

А) Да

Б) Не

11. Ако одговорот на претходното прашање е ДА, која беше вашата улога или одговорност?
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
____________

12. Кои се вашите силни страни или квалитети на полето на грижата?

А) Грижа за деца или возрасни лица
Б) Грижа за лица со попреченост и инвалидитет
В) Грижа за лица со посебни потреби
Г) Медицинско знаење или терапевтски техники
Д) Одржување на домот и домаќинство
Ѓ) Друго (наведете)__________________________________________________

13. Дали има жени од вашата локална заедница кои даваат платени услуги за дневен престој и грижа за деца и постари лица, набавка на лекови/намирници, чистење и одржување на домот или обезбедување на домашни здравствени услуги?

А) Да

Б) Не

В) Друго

____________________________________________________________

13.1 Ако одговорот на претходното прашање е ДА, наведете ги услугите кои се нудат во вашата локална заедница?

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

___________

14. Дали поседувате вештини и знаење да започнете сопствен бизнис во секторот на грижа и нега?

А) Големи

Б) Средни

В) Мали

15. Кои се главните пречки со кои се соочувате за да започнете сопствен бизнис или да се вработите?
А) Недостаток на финансии
Б) Недостаток на знаење за водење на бизнис
В) Потребна грижа за деца и домот
Г) Транспорт до работно место
Д) Друго (наведете)__________________________________________________

16. Кои специфични вештини или програми за обука би ви биле најкорисни за полесно вработување или самовработување?

А) Бизнис планирање
Б) Работа со компјутери
В) Стручни вештини
Г) Сметководство и финансии
Д) Друго (наведете)__________________________________________________

17. Во која област или дејност сте најмногу заинтересирана да започнете сопствен бизнис или да се вработите?

А) Услуги
Б) Трговија
В) Производство
Г) Земјоделие
Д) Занаетчиство
Ѓ) Друго (наведете)__________________________________________________

18. Колку ви е важен пристапот до услугите за грижа на деца и стари лица за да можете полесно да се вработите?

А) Многу
Б) Делумно
В) Малку
Г) Воопшто

19. Дали имате транспортни проблеми со кои се соочувате кога патувате до работното место или ви претставуваат пречка да се вработите?
А) Да
Б) Не
В) Понекогаш

20. Дали флексибилното работно време или можностите за работа од дома би ви овозможиле полесни услови за вработување?
А) Да
Б) Не
В) Можеби

21. Според вас кои се основните причини зошто младите жени од руралните средини избираат да мигрираат во големите градови?
А) Кариерен напредок
Б) Повисоко образование
В) Достапност до услуги за грижа на деца
Г) Друго (наведете)________________________________________________

22. Кои потенцијални иницијативи или подобрувања би можеле да се направат во руралните области за да се задржат младите жени?
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
___________

## Учество на младите жени во креирање на локалните политики во руралните средини

23. Дали учествувате во процесите на креирање локални политики?

А) Да
Б) Не
В) Ретко

24. Дали се соочувате со некои специфични пречки да се вклучите во локалните иницијативи за креирање политики?
А) Да
Б) Не

В) Ретко

24.1 Ако одговорот на претходното прашање е ДА, ве молиме да дадете појаснување
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
____________

25. Според вас колку е важно вклучувањето на руралните жени во локалното креирање политики?
А) Многу
Б) Делумно
В) Малку
Г) Воопшто

26. Колку сте запознаени со можностите и каналите кои ви се достапни за да се вклучите во креирањето на локални политики?

А) Целосно сум запознаена
Б) Делумно сум запознаена
В) Воопшто не сум запознаена

27. Кои мерки или иницијативи би можеле да се спроведат за поттикнување и зајакнување на младите рурални жени активно да учествуваат во креирањето на локални политики?-
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
________________________________